старец Тихон
старец Порфириј
старец Пајсиј

# Срце за целиот свет

ikona

# ОТЕЦ ТИХОН,

## Последниот голем руски старец на Атон

### Од авторот

Пред седум години, додека студирав на подготвителниот оддел на богословскиот факултет на Универзитетот во Атина, една благочестива Гркинка, кога дозна дека сум од Русија, ми подари книга за чудесниот руски старец, отец Тихон, кој живееше и се упокои на Атон во 1968 година. Книгата беше на грчки јазик. Од корицата на книгата ме гледаше едно благо лице на схимник, преполно со умиление и љубов. Душата ми се исполни со радост и веднаш почнав да ја читам. Тоа беше книга за неговиот навистина голем подвиг, затоа одлучив да соберам сѐ што може да се најде за неговиот праведен живот и да го преведам на руски за да можат за него да дознаат и Русите. Старецот беше речиси наш современик, но во Русија ретко кој знае за неговиот свет живот. Долго не можев да си ја исполнам оваа желба, но, еве, со милоста Божја и благословот на атонските отци, го напишав овој краток опис на неговиот живот. За тоа ми помогнаа спомените на неговите двајца духовни чеда: отец Пајсиј, кој подоцна стана најпознат атонски старец, и отец Агатангел, поранешен жител на Иверскиот манастир.

Отец Пајсиј и отец Агатангел со старецот се запознале во последниот период од неговиот живот, во пустинската ќелија на Калагри, 1960 година. Отец Агатангел тогаш имал 18 години. Тој вака го опишува тој настан:

„Првата година од мојот престој на Света Гора, во манастирот Ивирон, се запознав со големиот духовник, отец Тихон. Едно пролетно утро, по службата, излегов кај манастирската капија, каде по послушание стоеше како вратар мојот старец о. Клеоник. Одеднаш здогледав белокос монах во износена риза. Светлоста на неговото лице, долгата бела брада, милите зборови, неговата љубов и едноставност ми го исполнија срцето со неискажлива радост и умиление. Многу сакав да му се поклонам и да побарам благослов. Бев уверен дека тој благослов ќе биде како благослов на Самиот Христос. Му пријдов, седнав покрај него и го прашав:

- Каде живеете, отец?

- Во пустината, - одговори тој.

Се зачудив и пак побарав благослов. Седнавме и јас продолжив со прашањата:

- Во која ќелија живеете, отец?

- На Калиагра.

- Сам?

- Не, дете мое, заедно со Бог и Пресвета Богородица. Пријатели ми се милозвучните птици, секој ден заедно, јас и они го славиме Господ... Слава Тебе, Боже!

Од тој момент моето срце се врза за овој старец. Тој ден за мене беше посебен. Кога на о. Клеоник му раскажав за оваа средба, тој ми рече:

- О, тој е навистина свет човек, чедо мое!"

Набрзо, о. Агатангел за прв пат го посетил старец Тихон во неговата пустинска ќелија, а по некое време му станал и духовно чедо. Од неговите книги ние ги зедовме податоците за посетата на Ерусалим, средбата во Цариград со економот на руската атонска ќелија Белозерка каде што о. Тихон го почнал својот монашки подвиг[1], за животот во страшната пустина во Карула и Капсала, за последниот престој на старецот во ќелијата Чесен и Животворен Крст[2].

Својата книга со спомени о. Агатангел првпат ја издал 1982 година. Десет години пред тоа, во 1972 година, халкидикискиот митрополит Николај го објавил текстот за старец Тихон пишуван од о. Пајсиј. А во 1994 година е објавена и книгата на о. Пајсиј „Светогорските отци" во која првото сеќавање му е посветено на отец Тихон.

Во предговорот старец Пајсиј пишува: „Не ми дава мир мојата совест што како новодојден монах не напишав исцрпни записи за животот на добродетелните отци кои во поново време се подвизуваа на Атон. Отците имаа длабока, жива вера и голема едноставност и повеќето беа полуписмени. Но имаа вистинско смирение и пламена ревност и се удостоени со Божествено просветление. Во нашето време кога се

---

[1] Според светогорската традиција о. Тихон одбегнуваше да зборува за својот подвиг, затоа не треба да се чудиме зошто толку малку се зборува за неговата духовна борба, кога самиот 15 години се подвизувал во страшната пустина во Карула.

[2] Оваа ќелија му припаѓа на грчкиот манастир Ставроникита.

зголемија световните (надворешните) знаења и кога почна да се гаси живата вера, во човечката душа влегоа сомнеж и многу прашања. Тогаш речиси секаде можеа да се слушнат кажувања за чуда и тоа беше сосема нормално. Се наоѓав во таква духовна атмосфера и не можев ни да замислам дека кога ќе помине некое време дека сè ќе се промени. Ниеднаш не ми падна на ум за идните поколенија да ги запишувам незапаметените случувања и чуда...“

Како духовник, о. Пајсиј немал пред себе цел што е можно повеќе да го опише животот на атинските отци, и конкретно, на старец Тихон. Тој добро сфаќал дека во наше време кога „не остана побожен“ (Пс. 12, 1) и кога луѓето „учат не од духот Божји, туку од духот во светот, и неверувањето дошло дотаму што чудата се доживуваат како басни“, е многу важно да се обрне внимание на целта на духовниот живот – здобивање на Сесветиот Дух Божји. Старец Тихон навистина се здоби со овој духовен плод, влезе меѓу преподобните отци, овенчан со невенлив венец. Денес на благочестивиот читател му се дава можност да се запознае со чудесниот живот на овој прекрасен старец.

На 24 години дошол на Света Гора и таму поминал 60 години во непрестан, голем подвиг на покајание и молитва. Како полски крин процветал на Атон под заштита на Царицата Небеска која страсно ја засакал уште од детството и не престанувал да, благодари и да ја слави сè до последниот здив. Тоа беше маж со ретка небесна љубов, молитва и умиление.

Кроток и голем испосник кој бараше небесни богатства и ги доби дури и на земјата; подвижник кој секогаш се сеќаваше на смртта и нејзиниот сладок плод – спокојната радост. Груби штици имал за кревет, и многу пати крпена риза за облека. Пријатели му беа дивите ѕверови и песнопојните птици.

Со најчисти солзи често го миеше Крсното Дрво кое со страв Божји го чуваше. Секогаш учеше да Му благодариме на Бога за сè и со надеж да го носиме крстот. И гробот со свои раце си го ископа многу години пред смртта.

Доволно е само да се погледне неговиот светол лик исполнет со умиление и благодетен, кроток мир како мисла за Царството на светлоста и љубовта Господова и да ја

погоди нашата свест. Па сите ние сме деца Божји и нашата Татковина е на Небото!

Нека даде Бог и ние со молитвите и неговиот светол пример да се обратиме кон небесното и оставајќи го земското да тргнеме по Спасителот, земајќи го својот крст.

*Недостоен Јеромонах Јован (Коган)*
*Света Гора Атон, Декември 1997 г.*

## Житието и подвижништвото на старец Тихон

Старец Тихон (световно Тимотеј Голенков) се родил 1884 година во селото Нова Михајловка во Сибир. Неговите родители Павле и Елена биле побожни луѓе кои ги сакале Бог и Црквата и својот син го воспитувале во вера и побожност. Старец Тихон се сеќавал во своите кажувања за мајка му како за света жена. Таа постојано се молела, во среда и петок не јадела, а имала и дар за плач кој му го подарила на синот. Бидејќи солзите ја чистат душата од гревот, старец Тихон овој дар го сметал за голема Божја милост. Затоа често плачел и за себеси и за сите луѓе.

Уште од раното детство Тимотеј сакал да ги посетува манастирите и да им се поклонува на светиите. Господ му всадил копнеж за монаштво и тој нестрпливо го чекал родителскиот благослов за да го остави овој грешен свет и да тргне во потрага на Небескиот. Сакал да живее со Бог, да се моли. Ништо земно не го привлекувало. Но, познавајќи го немирниот карактер на својот син, родителите не брзале со нивниот благослов. Сакале да стане поцврст и да се утврди во изборот на својот животен пат. Тимотеј брзо научил да чита и да пее по ноти, па брзо станал певец, а подоцна и диригент во црковниот хор. Кога наполнил седумнаесет години родителите му дале благослов за поклоничко патување, да ги посети светите места. За три години Тимотеј бил во повеќе од 200 манастирски семејства. И покрај уморот и истоштеноста што го пратат секој поклоник на долгите патувања, Тимотеј никогаш не отседнувал во

манастирските гостилници. Не сакал да им пречи на другите, барал осаменост и молитва.

**+ + +**

Еднаш по посетата на Москва, тргнал накај некоја епархија. Уморен и гладен по долгиот пат сакал да јаде леб. Но, за несреќа, во тој град немало бел леб, зашто таму јаделе само ’ржен леб. Тимотеј не можел да го јаде таквиот грубо испечен леб со непријатен мирис (во Сибир, каде што е роден, јаделе само бел леб). Сосем омалаксан морал да оди во фурната со надеж дека можеби фурнаџијата скрил за себе бел леб и дека би го поделил со него. Но, фурнаџијата веднаш строго го избркал. Сосем измачен и без надеж, Тимотеј со сета чистота на своето детско срце, со плач ја призивал Пресвета Богородица: „Богородице моја, сакам да ми помогнеш, бидејќи ќе умрам на патот, нема да станам ни монах. Не можам да го јадам тој груб леб!“ И, гледај чудо! Не ја ни довршил молитвата кога пред себе ја виде Дева. Нејзиното лице светело, а во рацете држела свежа векна леб. Му го дала свежиот вкусен леб и веднаш исчезнала, оставајќи го збунет младиот Тимотеј. „Што беше ова?“ - се мислел. „Можеби ќерката на пекарот се сожали на мене и го замоли нејзиниот татко да ми ја донесе оваа бела векна?“, и реши пак да оди во фурната и да се заблагодари за милоста. Но, фурнаџијата тоа го сфатил како исмевање.

„Заминувај! – му викнал тој налутено. – Јас не сум оженет и немам ќерка“. Тимотеј закрепнат од топлиот леб, дар од Небесата, го продолжил патот. Но, не можел да го заборави чудото што му се случило.

Во еден манастир се запознал со монах кој му подарил книга со збирка на чудотворните икони на Пресвета Богородица. Прелистувајќи ја, Тимотеј го видел ликот на Пречиста Дева од иконата која се наоѓала во Кремљ. Срцето му заиграло, а очите, од милост, му се наполниле со солзи. „Таа е! Оваа Дева ми дари леб и ме спаси од смрт од глад!“ Со благодарност почнал на литографијата да ги целива Нејзините пречисти раце и Богомладенецот Христа. По ова радосно откритие, Тимотеј чувствувал посебна блискост со Пречиста Дева и до крајот на животот не престанал да, се заблагодарува и да ја слави.

+ + +

Откако добил благослов од родителите одлучил да ја посети Светата Земја и Света Гора. Со група поклоници богољубивиот Тимотеј стигнал до Константинопол (Цариград) каде се запознал со економот на големата руска ќелија Белозерка[3] која се наоѓала на Атон, изградена во чест на Николај Чудотворец.

- Сакаш ли да бидеш монах? – го прашал Светогорецот.

- И тоа како! – одговорил желно младиот Тимотеј.

- Е па, поклони се во знак на согласност, и ќе станеш послушник во нашето братство – го израдувал економот.

Со солзи во очите му заблагодарил на својот добро-чинител и го замолил да продолжи со посетата на светите места. На Синајска Гора, Тимотеј останал два месеци, а потоа заминал за светиот град Ерусалим. Некое време се подвизувал кај светата река Јордан. Иако се радувал на убавините на древна Палестина, не успеал да ја најде посакуваната тишина. Затоа одлучил да отпатува на Атон. Но, непријателот на родот човечки, штом ја забележал духовната надареност на младиот подвижник, решил да ја исмее неговата света желба. Во тоа време кога Тимотеј се вратил од Ерусалим, подготвувајќи се за заминување, ѓаволот му испратил две божем благочестиви жени, родени во Русија. Тие го викнале дома да му дадат список на имиња за помен на Света Гора. Младиот Тимотеј им поверувал и отишол кај нив. Но кога останале сами, жените не криејќи ја својата блудност, се обиделе да го соблазнат.

Тимотеј ужаснат, збунет, грубо ги истуркал и истрчал надвор, спасувајќи се како библискиот Јосиф од канџите на лукавиот. Така ја зачувал својата чистота и како невин цвет е пресаден од грешниот свет во градината на Пресвета Богородица каде процветал како полски крин, ширејќи прекрасен мирис од своите доблести.

+ + +

Според Божјата Промисла монашкиот живот го започнал на Атон, во руската ќелија Белозерка. При постригот го

[3] Оваа ќелија се наоѓа во близина до Кареја и личи на скит. Ќелијата му припаѓа на српскиот манастир Хиландар.

добил името Тихон, во чест на светителот Тихон Задонски. Тука се подвизувал пет години, учејќи се на послушание, молитва и мудрост од благодатните отци. Бидејќи оваа ќелија често ја посетувале поклоници од Русија, тој посакал целосно да се осами за да биде само со Бог во подвижничкиот труд. Желбата за тишина го однесла во суровата пустина. Откако добил благослов, отец Тихон заминал во пустината, во местото Карула каде 15 години живеел во пештера. Неговиот подвиг бил голем: јадел само двопек, и тоа само еднаш во три дена, а често и еднаш неделно, а ноќта правел повеќе од 600 метании. Плетел бројаници кои ги менувал за двопек. Секоја сабота, отец Тихон одел да се причести во ќелијата на Свети великомаченик Георгиј и веднаш се враќал назад. Неговата пештера била во подножјето на истата планина каде што била ќелијата на Св. Георгиј. Таму се подвизувал еден богомудар старец кој му станал духовен учител.

Секој месец старецот му давал да чита книги за Светите Отци, а потоа го испрашувал за да види колку научил од овие духовни подвижници. Ако духовната смисла на некоја книга му била недостапна, старецот со љубов му објаснувал и го учел. Така, додека се подвизувал во Карула, о. Тихон прочитал многу книги за Светите Отци. Најмногу го засакал Симеон Нов Богослов. Светите Отци му вдахнале пламена желба за ангелски живот, а тој постојано се трудел да го оправда носењето на ангелската схима[4]. Не престанувал да се моли ни дење ни ноќе. Во еден разговор со своето духовно чедо отец Агатангел, сеќавајќи се на рускиот подвижник отец Атанасиј (кој многу ја практикувал Исусовата молитва, а својот век го заврши во Крстната ќелија во Провата и му умрел на раце), му рекол: „И мене чедо мое, кога спијам срцето не ми престанува да се моли. И ти учи се на молитва, за умот постојано да ти биде со Божјото сеќавање“.

По Карула, отец Тихон отишол во Капсали, блиску до грчкиот манастир Ставроникита. Таму во ќелијата Вознесување на Крстот живеел со еден болен монах. Кога монахот умрел, ќелијата ја добил отец Тихон. Во осаменост почнал

[4] По атонскиот обичај веднаш по монашкиот (расофорен) постриг следи постриг на велика схима, додека во Русија прво има постриг за мала схима (т.е. мантија).

уште пострoго да се подвизува и да се здобива со уште поголема благодат и просветлување од Бога.

Но според зборовите од светото Евангелие, свеќата не може да се покрие. Така луѓето дознавајќи за овој свет човек почнале да доаѓаат по духовен совет. Доволно било да се погледне неговото свето лице и веднаш минувала жалоста. Само со својот лик преполн со благодат доведувал до умиление и без никакви зборови благотворно влијаел на грешните души. Некои отци го убедувале да го прими свештенството за да може со Тајната на Покајанието да ги исцелува оние на кои им е потребна Божјата милост. Господ му даде да види: како во ноќта на Воскресението тој се наоѓа во црква и со голема радост го пее канонот Света Пасха. Следното утро дошол духовник од манастирот Ставроникита и го повикал на ракоположење во манастирот. Старец Тихон го примил благословот како од рацете на Бога. Бидејќи во каливата[5] во која живеел немало црква, старецот посакал кај себе да изгради храм. Но немал пари, па почнал силно да се моли и да бара од Господ да му помогне во тоа добро дело. По молитвите, старецот отишол во Кареја со надеж дека Бог ќе му испрати помош. На влезот на Кареја го сретнал економот на рускиот Илински скит и му рекол: „Еден добочинител ми испрати пари за оној кој нема црква. Ти немаш храм, па земи ги за градење“.

Да, Господ навистина ги слуша молитвите на оние кои се плашат од него и ги исполнува нивните молитви!

Старец Тихон се расплакал од среќа. Со благодарност кон Бога се помолил да му ги прости гревовите на непознатиот добочинител. Бидејќи сакал храмот да се гради со молитва, о. Тихон нашол двајца монаси-градители и почнал со преобразбата на малата ќелија во црква. Старецот посебно го почитувал Животворното Дрво на кое се случи нашето спасение и затоа црквата ја нарекол во чест на Вознесение на Чесниот Животворен Крст. Старец Тихон имал и друга мисла. Го сакал молчењето и постот и не сакал да прави раскошна црковна слава или Панегирик ( вака се нарекува оваа свеченост на Света Гора Атонска). Отец Тихон во блажената тишина на својата ќелија ја чувствувал близината на Небесата и често бил удостоен со посети од

[5] Монашка куќичка (колиба) без храм.

Горниот свет. Но старецот не сакал да зборува за посетите, чувајќи ја својата смиреност. Кога го прашале дали сам живее во пустината, старец Тихон простодушно одговорил: „Не! Живеам со Ангелите и Архангелите, со Богородица, светиите и со Господ Исус Христос!“

Тој уште на земјата живееше како на небото. „Еднаш, - се сеќава отец Пајсиј, - кога дојдов да го посетам го најдов старецот како виси со главата надолу ( качувајќи се по скалите се заплеткал и се закачил на крајот од вратата). Откако му помогнав да се извлече од таа положба, не можев да се воздржам и го прашав:

- Како ќе се извлечеше, отец, ако не дојдев јас?

Отец Тихон ме погледна со двоумење и ми одговори:

- Тогаш ќе дојдеше Ангелот-чувар да ми помогне.

Така отец Тихон живееше во слога со Небото и со својот Ангел. Службата во црквата за него била блаженство, а најмногу ја сакал Литургијата. Од рано утро ги читал каноните за Светото Причестување и цел ден се подготвувал за извршување на Тајната. Отец Тихон велел дека христијанинот е должен 24 часа да се подготвува за примање на Светото Тело и Крв на нашиот Господ Исус Христос.

Додека се служела Божествената литургија, душата на старецот се вознесувала на Горниот свет. Го молел братот кој пеел кај него на Божествената литургија да доаѓа на служба рано во зорите. За време на Тајната, кога се принесувала Бескрвна Жртва, го молел монахот да остане во предворјето, надвор од малата црква и од таму да ја пее “Господе помилуј“ за да може да се моли во самотија. Кога доаѓал редот на Херувимската песна, монахот морал да повторува повеќе пати, додека не ги слушнел чекорите на старецот кога ги изнесувал Чесните Дарови на Големиот Вход. Бидејќи како што кажувал самиот отец Тихон, во тоа време бил дваесет, а можеби и триесет минути вознесен на Горниот свет. Кога по службата го прашувале:

- Што виде, отец?

Одговарал:

- Херувими и Серафими кои го слават мојот Господ! На земјата ме спушта Ангелот-чувар и продолжувам со Божествената служба.

Кога служел сам, често Ангелите му ја пееле Херувимската песна. Тогаш старецот со голема милост се молел за

светот кој го отфрли својот Спасител и Господ и не ја прими таа Големата Жртва да се очисти и спаси. Кога завршувала литургијата, тој како да се враќал од друг свет и се чудел како толку време поминало и веќе се стемнувало. На проскомидија, Отец Тихон читал многу имиња, а по поменот собирајќи ги ливчињата и принесувајќи ги до лицето го молел Господ да ги спомене сите живи и мртви во Царството Свое. Душата го болела за сите, а срцето не можело а да не се моли.

На преподобниот атонски старец Силуан и на отец Тихон им била дадена молитва за цел свет. На овие два столба, далеку од својата татковина – во градината на Неговата Пречиста Мајка, Господ ги дарувал со молитви за рускиот народ. Отец Тихон со тага му зборувал на отец Пајсиј: „Чедо мое, Русија έχει κανόνα“, т.е. дадена, е епитимија за гревовите на народот и Русија мора да ги истрпи страдањата за да се очисти и да ја добие саканата слобода.

Старецот со својот дух знаел (а за тоа и му раскажал на отец Агатангел) дека сите Ангели и сите светии, чии имиња се споменуваат на проскомидија, присуствуваат на служењето на Литургијата. Затоа ги молел да им помогнат на сите кои барале да се моли за нив и да ги споменува. И сакал што е можно почесто да служи Литургија, ги молел браќата-монаси од другите манастири да му носат просфора и вино за Божествената Евхаристија. Велел дека просфората мора да се подготвува со голем страв од Бога и со молитва, бидејќи се принесуваат како Жртва и на верниците им се дава Пречисто тело Господово, па виното треба да биде добро, достојно да стане животворна Крв Негова.

**+ + +**

Отец Тихон живеел скромно, немал скоро ништо што се сметало неопходно за живот. А тоа што го имал било толку старо, речиси за фрлање. Но, духовното око имало што да види во таа патријархална беда, бидејќи сѐ во ќелијата на старецот имало печат на неговата светост и едноставност. Дури и неговите испарталени облеки ги прифаќале со почитување, а подоцна биле делени за спомен како благословени светии на сите кои го познавале и го сакале овој старец. Свештеничките капи ги шиел сам од парчиња стари